**20110952305**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010 и 156/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 28 март 2011 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ОД ПРЕВЕНТИВНА И ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ, СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО–КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивна и итна медицинска помош, специјалистичко – консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 9/2010, 44/2010 и 171/2010), во член 2 став 2, точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „намален за износот на пресметана партиципација.“

Член 2

Во член 2 став 3 по точка 4 се додава нова точка 5 која гласи:

„За специјализирани здравствени установи за детската популација како и за специјализирани здравствени установи кои пружаат услуги за психијатриски акутни болнички случаи се определува најмногу до 25% над остварената вкупна вредност на видот и обемот на ДСГ здравствени услуги во првото, второто и трето тромесечје и проекцијата за четвртото тромесечје од претходната година. “

Точката 5 станува точка 6.

Член 3

Во членот 2 став 3, во точката 5 која сега станува точка 6, алинејата 3 се менува и гласи:

„- очекувани реформи на здравствениот систем за чија имплементација е потребен подолг период се додека Министерството за здравство не овозможи воспоставување на одржлив и ефикасен здравствен систем, односно здравствени установи.“

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-5431/3
28 март 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Ирфан Хоџа**, с.р.